Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 11/1-460/41
22.12.2020 год.
Скопје

# Записник од 18-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 11/1-560/51
22 DEC 2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 10.12.2020 година | **Време** | 13.00 – 14:30 часот |
| **Бр. на седница** | 18-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев, Зоран Мурџев, Милан Николовски (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 03.12.2020 година ;
2. Коментари и предлози на НКБК во однос на драфт Студијата за BCO телата во WB6;
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 18-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) која се одржа online, при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен од членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 17-та седница, одржана на 03.12.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов информира дека согласно договореното од претходната седница на 07.12.2020 година консолидираните коментари/предлози од НКБК во однос на драфт Студијата за BCO телата во земјите од Западен Балкан (WB6)им беа доставени за забелешки. До денешната седница пристигнати се само две забелешки од независниот експерт, Љубен Талев и истите веќе се вградени во текстот кој денеска се предлага да се усвои.

По завршувањето на дискусијата, Буковалов ги стави на гласање предлог коментарите и предлозите на НКБК за драфт Студијата за BCO телата во земјите од Западен Балкан

и истите едногласно беа усвоени.

**Заклучок:** Усвоените коментари и прелози официјално ќе се доставaт до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, а на веб страната ќе се постави соопштение дека се усвоени забелешки по однос на Студијата.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ претседателот на НКБК, Буковалов, информира дека миграцијата на веб страната на НКБК на серверот на МИОА успешно е завршена, а добиени се и е-маил адреси за членовите на НКБК.

**Заклучок:** Претседателот на НКБК, Буковалов официјално ќе го извести министерот/заменик министерот за добивањето на е-маил адресите на членовите на НКБК и за завршената миграција на веб страната на серверот на МИОА.

На 18.12.2020 година, петок, во 14.00 часот, ќе се одржи седница на НКБК, на која ќе се презентира новата ГИС платформа на Агенцијата за електронски комуникации за подршка на имплементацијата на НОБП.

Во врска со активностите околу предлог измените на амандманот Законот за НИПП, Славица Настеска информира дека на 03.12.2020 година, на системот ЕНЕР поставен е Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци (НИПП). Буковалов информира дека во наредниот период ќе побара состанок со кабинетот на министерот за информатичко општество и администрација во однос на овие измени а согласно заклучокот од претходната седница на НКБК.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________